ОПШТИНА КАРПОШ
ГРАДОНАЧАЛНИК

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС ISO 9001:2015
МКС ISO 14001:2015
МКС ISO 45001:2018

Број: 11 -191/8
Датум: 23.09.2026 година
Скопје

Врз основа на член 50, став 1, од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.202/24), во врска со II Проектни активности, точка 1 „Здравје-превентивни прегледи и советувања за специфични женски и машки болести" од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 23/25), Решението за формирање Комисија за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година бр. 11-191/1 од 13.01.2026 година, согласно Правилникот за условите, начинот и постапката за избор на реализатори на проектни активности, како и следењето и известувањето за нивната реализација при спроведување на Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош бр.11-614/1 од 27.01.2026 година донесен од Градоначалникот на Општина Карпош, Комисијата за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година , објавува

# ЈАВЕН ПОВИК

## за реализација на програмски активности од годишната Програма за активностите на Општина Карпош во областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година

1. Со цел реализација на проектните активностите од област „Здравје-превентивни прегледи и советувања за специфични женски и машки болести" од Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година („Службен гласник на Општина Карпош" бр. 23/25), Комисијата за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите

можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година распишува Јавен повик.

2. Јавниот повик ги предвидува следниве проекти за реализирање на програмските активности:

    1. **Организирање и спроведување на настан/активност за одбележување на месец октомври – месец за подигање на свесноста за ракот на дојката**
    2. **Организирање и спроведување на настан/активност за одбележување на ноември – месец посветен на машкото здравје**

3. Вкупната предвидена финансиска рамка за реализација на двете програмски активности е 100.000,00 (стоилјади) денари.

4. Финансиската поддршка ќе се додели врз основа на постапка по јавен повик за избор на реализатори на проекти од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош, објавен на веб страната на Општина Карпош, www.karpos.gov.mk.

5. Постапката за избор на реализатори на проекти ќе ја спроведе Комисија формирана од страна на Градоначалникот на Општина Карпош. Комисијата е составена од три члена, од кој едниот е координатор за еднакви можности, а двајца се од редот на општинската администрација.

6. По истекот на рокот за доставување на предлог-проектите, Комисијата се состанува во рок од 5 (пет) дена заради административна проверка, разгледување и оценување на пристигнатите апликации.

7. Комисијата ќе ги извести апликантите чии предлог-проекти се прифатени и апликантите чии предлог-проекти се одбиени како некомплетни, ненавремени и кои не ги исполнуваат критериумите согласно Правилникот и Јавниот повик.

8. Право на учество на повикот имаат сите заинтересирани правни и физички лица кои се занимаваат со активности и проекти од јавен карактер, посебно од областа на еднаквите можности.

9. Секој апликант може да аплицира за реализирање на двете проектни активности со посебни апликации.

10. Заинтересираните физички и правни лица треба да ги достават следниве документи:
- предлог проект;
- статут и решение за регистрација (за правни лица и здруженија на граѓани);
- референтна листа на реализирани проекти, при што искуството со проекти во локална самоуправа и меѓународни донаторски организации ќе се смета за предност;
- други документи кои се во прилог на понудувачот.

11. Предлог-проектите се оценуваат и бодираат на следниот начин

| **Критериум** | **Максимален број бодови** |
|---|---|
| **1. Усогласеност со целите:** | 25 |
| **2. Очекувани резултати и одржливост** | **25** |
| **3. Искуство на реализаторот** | 25 |
| **4. Оправданост и реалност на финансискиот план** | 25 |
| ВКУПНО | **100** |

12. Јавниот повик се објавува во електронска форма на веб страната на Општина Карпош.

Јавниот повик трае 7 дена од денот на објавување.

Начин на пријавување: Заинтересираните лица можат да ги поднесат потребните документи во архивата на Општина Карпош, во затворен плик со назнака НЕ ОТВАРАЈ, до координатор за еднакви можности меѓу жените и мажите.

Крајниот рок  за поднесување е заклучно 30 септември 2026 година.

Некомплетната документација нема да биде разгледувана.
Адреса: Општина Карпош, ул. „Никола Русински " бр. 11, Скопје.

**Комисија за распишување Јавен повик и спроведување постапка за реализација на програмските активности од годишната Програма од областа на еднаквите можности меѓу жените и мажите во Општина Карпош за 2026 година**